МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА
MACEDONIAN OCCUPATIONAL SAFETY AND HEALTH ASSOCIATION

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕСРЕЌИ ПРИ РАБОТА

## Годишен извештај за 2023

### Смртни случаи, повреди и несреќи при работа






## Предговор

Градењето на превентивната култура е на пиедесталот на делувањето на нашето Македонско Здружение за Заштита При Работа. Таа култура е постулатот на кој за целото постоење на нашето здружение се бориме. Пандемијата од претходните години со целата своја жестина  ја покажа во целост потребата од градење на систем на превенција, вистински систем, систем на преофесионалност, заедништво и неполитизираност.

Конечното отварање , ги зголеми активностите во реалниот сектор,но и новите технологии и процеси ги зголемија предизвиците.. Ако според Меѓународната Организација на Труд, 4% од БДП во сиромашните земји оди во компензација на повредите, тоагаш директните загуби кои ги трпи Македонија се над 400 милион евра, фрапантна бројка, која што нашата кревка економија не смее и не може да си го дозволи.

Во извештајот кој е пред Вас, ќе видите дека имаме тренд на намалување на несреќите при работа , но тоа не смее да ги намали сите активности на засегнатите страни.

Градењето на партнерски однос со синдикатите, организациите на работодавачите, медиумите, здруженијата од регионот, беа во фокусот на работењето на МЗЗПР. Да не заборавиме дека несреќите при работа може да се спречат, но од суштинско значење е да се научат лекциите како до нив да не дојде. 2023 година беше година на многу активности на МЗЗПР, пред се на регионално ниво и најмногу на подигнување на свеста на јавноста. Студиските посети во европските земји ни покажаа дека сето она што го работиме не води на вистинскиот пат и дека само со заеднички сили ќе ги постигнеме нашите цели.

Се надеваме дека и со ова ќе ги поттикнеме сите, да разберат, дека со заштитата при работа не треба да има компромис.

Петар Наумовски
Претседател на Македонското здружение за заштита при работа

П.С. Благодарам на сите колеги кои помогнаа во изготвувањето на овогодинешниот извештај за случените несреќи на работното место!

# Вовед

Како единствена професионална граѓанска организација од областа на заштитата при работа во Македонија, во континуитет од 2008 година објавуваме извештаи за случени несреќи на работното место, кои во себе содржат информации за потешко случени несреќи на работа, така и оние кои се со смртен исход.

Мораме да предочиме дека овој извештај е единствениот кој најблиску ја отсликува суровата реалност дека во Македонија се гине на работното место. Ова е единствен извештај кој дури и самите автори на истиот зборуваат дека е конзервативен и дека ниту од далеку ги опфаќа сите случени несреќи на работното место, смртните случаи на работното место, ниту пак професионалните заболувања. Овој извештај е еден континуиран напор на група на професионалци од Македонското здружение за заштита при работа кои веруваат дека работите мора да се променат на подобро бидејќи друга алтернатива е опустошена Македонија.

Сведоци сме на пандемии од светски размери, на економски колапси на цели држави, војни кои немаат никаква смисла и единствено служат за да остварат налудничави цели на одредени елити кои останатите единствено ги препознаваат како бројка. Но живееме и во време кога со леснотија прифаќаме дека „другите“ можат да се повредуваат, се разболуваат и гинат на работните места. Кога елитистите зборуваат за работна недела од 60 работни часови и „согласност“ на работниците да работат „за да заработат“ повеќе. Нашиот умен народ рекол дека и „100 стапови по туѓ грб воопшто не болат“. Така е и со несреќите на работното место. Но кога ќе се случат, е тогаш веќе доцна е.

Во континуитет од 2008 година кога го издадовме првиот извештај за несреќи на работното место, па се до денес, Македонското здружение за заштита при работа ревносно работи на прибирање на податоци кои треба да ја опишат состојбата со заштитата при работа во Македонија. Овој извештај во континуитет преставува и единствен ваков извештај кој се објавува од независна институција.

За крај, Македонското здружение за заштита при работа, со цел добивање на комплетни податоци за настанати несреќи при работа и смртни случаи во Р. Македонија за 2023 год., побара официјални податоци за истите од:

- ЈЗУ Институт за јавно здравје
- Државен инспекторат за труд

# НЕСРЕЌИ ПРИ РАБОТА ВО МАКЕДОНИЈА ВО 2023

Во 2023 година успеавме да забележиме јавно објавени во електронските и печатените медиуми, како и искомуницирани до нас како Македонско здружение за заштита при работа вкупно 93 несреќи при работа. Би сакале да потенцираме дека оваа бројка е конзервативна и во голема мера не го отсликува вистинскиот број на потешки несреќи на работното место.

Според податоците кои успеавме да си прибереме и систематизираме 15 потешки несреќи на работното место беа со фатални последици. Следбено на оваа бројка на загинати вработени, стапката на смртни случаи при работа во Македонија изнесува 2,16 односно на секои 100.000 вработени, 2 вработени гинат на работното место во 2023 година. Оваа стапка на смртност, е во благ пад споредбено со претходната 2022 година, кога изнесувала 3.17.

Кога пак како параметар ќе се земат повредите при работа, тогаш стапката на повреди при работа за 2023 година изнесува 13,42, што покажува дека на секои 100.000 вработени, потешко се повредуваат околу 13 до 14 вработени. Споредбено со минатата година, кога стапката на повреди при работа изнесувала 21,21, стапката на повреди за 2023 е во пад. За подетален приказ погледнете ја Табела 1.

**Табела 1.**

| СТАПКА НА НЕСРЕЌНИ СЛУЧАИ 2022 | ВКУПНО | ПРИМЕРОК | ВКУПНО ВРАБОТЕНИ | СТАПКА |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Повреди | 93 | 100.000 | 692.768[1] | 13,42 |
| Смртни случаи | 15 | 100.000 | 692.768[1] | 2,16 |







1 Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2023 година, активното население во Република Северна Македонија изнесува 794 902 лица, од кои вработени се 692 768, а 102 134 лица се невработени.

Во 2021 година, имало 2,88 милиони несреќни несреќи што резултирале со најмалку четири календарски дена отсуство од работа и 3 347 фатални несреќи во ЕУ (види Табела 1), што е сооднос од приближно 860 несреќни несреќи за секоја фатална несреќа .

Помеѓу 2020 и 2021 година има зголемување на вкупниот број на несреќни несреќи при работа во ЕУ, околу 150 941 повеќе (што е еквивалентно на зголемување од 5,5 %). Ова може, барем делумно, да се припише на враќањето на работното место бидејќи ограничувањата поврзани со кризата COVID-19 беа опуштени/отстранети. Имаше 11 помалку фатални несреќи при работа во ЕУ во текот на 2021 година во споредба со претходната година (што е еквивалентно на намалување од 0,3 %).

Во 2021 година, бројот на фатални несреќи на 100.000 вработени лица се движеше од помалку од 1.00 во Холандија, Грција, Финска, Шведска и Германија до повеќе од 3.00 фатални несреќи на 100.000 вработени лица во Романија, Франција, Малта, Литванија и Латвија. Највисоки стапки на инциденца меѓу земјите-членки на ЕУ се забележани во балтичките земји-членки Литванија и Летонија, со 3,75 и 4,29 фатални несреќи на 100 000 вработени лица, соодветно.

Низ цела ЕУ, имало 1,76 фатални несреќи на 100.000 вработени лица во 2021 година. Според тоа, фаталните несреќи на работа биле релативно ретки настани и затоа бројот на фатални несреќи (и нивната стапка на инциденца) може да варира во голема мера од една година до следно

Но тоа што треба многу повеќе да не замисли и исплаши дека ова се официјални податоци на земји кои имаат развиени системи за евидентирање на несреќи на работното место, додека во нашиот случај ова се податоци од Македонското здружение за заштита при работа кое со свои ресурси и не-екипираност успева да прибере многу повеќе податоци за загинати вработени на работните места ширум Македонија

Но, доколку за оваа пресметка гиземеме поверодостојните бројките на потешко повредените вработени според податоците кои во ги добивме од Државниот инспекторат за труд, кои изнесуваат 2237 повредени вработени, тогаш ќе добиеме бројка од 322,93 или во текот на 2023 година сме имале 323 повредени вработени на секои 100.000 вработени. Овој податок самиот по себе не кажува многу, но доколку го споредиме со податоците на Евростат, ќе увидиме дека очигледно имаме „слон во собата".

На ист начин, добро воспоставените системи за известување/препознавање честопати може да ја објаснат високата стапка на инциденца во некои земји, како што е Франција. Иако феноменот на ниски стапки на не-фатална инциденца делумно може да се смета дека го одразува недоволното пријавување, ситуацијата за стапките на инциденца на фатални несреќи е различна бидејќи е многу потешко да се избегне пријавување несреќа со фатални последици.

Следбено на овие заклучоци на Евростат за состојбата со повредите на работното место, многу е едноставно да заклучиме на која група (не)природно припаѓаме.

## ПОВРЕДИ И СМРТНИ СЛУЧАИ СПОРЕД ГРАДОВИ ЗА 2023

Во Република Македонија официјално има 34 градови. Врз основа на податоците кои успеавме да ги собереме, анализираме и систематизираме, во 2023 година во 23 од нив се случиле несреќи при работа, што значи дека во 64,7% биле забележани несреќи при работа. Во однос на градот во кој се случила несреќата, Скопје е град со најголем број на несреќи. По Скопје следат Битола и Прилеп. Оваа година најголемиот број на смртни случаи поврзани со работното место е во Скопје 3, следат Куманово, Охрид, Струмица и Тетово со по 2 случаеви. Целосен преглед на повредите и несреќите по градови е прикажан во Табела 2.

**Табела 2**

| НЕСРЕЌИ ПО ГРАДОВИ | ПОВРЕДИ | СМРТНИ СЛУЧАИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| Берово | 2 | 0 | 2 |
| Битола | 6 | 1 | 7 |
| Велес | 3 | 0 | 3 |
| Гостивар | 7 | 0 | 7 |
| Делчево | 1 | 0 | 1 |
| Кавадарци | 5 | 1 | 6 |
| Кичево | 2 | 0 | 2 |
| Кочани | 1 | 0 | 1 |
| Кратово | 0 | 1 | 1 |
| Крива Паланка | 2 | 1 | 3 |
| Куманово | 8 | 2 | 10 |
| М. Каменица | 1 | 0 | 1 |
| Охрид | 0 | 2 | 2 |
| Пехчево | 1 | 0 | 1 |
| Прилеп | 6 | 0 | 6 |
| Пробиштип | 6 | 0 | 6 |
| Радовиш | 1 | 0 | 1 |
| Свети Николе | 1 | 0 | 1 |
| Скопје | 30 | 3 | 33 |
| Струга | 3 | 0 | 3 |
| Струмица | 3 | 2 | 5 |
| Тетово | 3 | 2 | 5 |
| Штип | 1 | 0 | 1 |
| | | | |
| **ВКУПНО** | **93** | **15** | **108** |

Графички приказ на процентуална застапеност за првите 3 града по број на повреди, несреќи со смртен исход и вкупен број на несреќи.

| ПОВРЕДИ | |
|---|---|
| Скопје | 30 |
| Куманово | 8 |
| Гостивар | 7 |

| % учество во повреди | |
|---|---|
| Скопје | 67% |
| Куманово | 18% |
| Гостивар | 15% |




| СМРТНИ СЛУЧАИ | |
|---|---|
| Скопје | 3 |
| Куманово | 2 |
| Охрид | 2 |
| Струмица | 2 |
| Тетово | 2 |

| % учество во смртни случаи | |
|---|---|
| Скопје | 28% |
| Куманово | 18% |
| Охрид | 18% |
| Струмица | 18% |
| Тетово | 18% |




| ВКУПНО НЕСРЕЌИ | |
|---|---|
| Скопје | 33 |
| Куманово | 10 |
| Гостивар | 7 |

| % учество во несреќи | |
|---|---|
| Скопје | 66% |
| Куманово | 20% |
| Гостивар | 14% |




ВКУПНО НЕСРЕЌИ ПО ГРАДОВИ 2023
0
20
40
60
80
100
120
Берово 2
Битола 7
Велес 3
Гостивар 7
Делчево 1
Кавадарци 6
Кичево 2
Кочани 1
Кратово 1
Крива Паланка 3
Куманово 10
М. Каменица 1
Охрид 2
Пехчево 1
Прилеп 6
Пробиштип 6
Радовиш 1
Свети Николе 1
Скопје 33
Струга 3
Струмица 5
Тетово 5
Штип 1
ВКУПНО 108
ВКУПНО


ПОВРЕДИ ПО ГРАДОВИ ЗА 2023
0
10
20
30
40
50
60
70
80
90
100
Берово 2
Битола 6
Велес 3
Гостивар 7
Делчево 1
Кавадарци 5
Кичево 2
Кочани 1
Крива Паланка 2
Куманово 8
М. Каменица 1
Пехчево 1
Прилеп 6
Пробиштип 6
Радовиш 1
Свети Николе 1
Скопје 30
Струга 3
Струмица 3
Тетово 3
Штип 1
ВКУПНО 93
ПОВРЕДИ


СМРТНИ СЛУЧАИ ПО ГРАДОВИ 2023
0
2
4
6
8
10
12
14
16
Битола 1
Кавадарци 1
Кратово 1
Крива Паланка 1
Куманово 2
Охрид 2
Скопје 3
Струмица 2
Тетово 2
ВКУПНО 15
СМРТНИ СЛУЧАИ

## НЕСРЕЌИ СПОРЕД ДЕЈНОСТИ ЗА 2023

Несреќите по дејности се класифицирани според националната класификација на дејности (НКД). Во 2023 година најмногу несреќи има во Преработувачката индустрија 29, по што следи Градежништвото и Јавна управа и одбрана 22. Најголем број на несреќи кои резултирале во смрт има во дејностите на градежништвото 7, дејностите на домаќинства како работодавачи 3 и преработувачка индустрија и рударство по 2. Дејностите на домаќинства како работодавачи во голем дел ги опфаќаат земјоделските работи на своите имоти. Доколку овие лица се регистрирани како земјоделци, тогаш голем дел од повредите би се припишале на дејноста земјоделство. Најголемиот број на несреќи во оваа дејност се случиле со земјоделска машина - трактор, при вршење на земјоделски работи, транспорт или при учество во сообраќај. Исто така градежните зафати врз објектите од домаќинството каде што имаше исто така зголемен број на повреди и смртни случаеви, покажува дека дејностите во домаќинствата се една од најчестите причини за настанување на несреќи при работа. Целосниот преглед е претставен во Табела 3.

**Табела 3.**

| Национална класификација на дејности - НКД | | ПОВРЕДИ | СМРТНИ СЛУЧАИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| F/Ѓ | ГРАДЕЖНИШТВО | 15 | 7 | 22 |
| T/П | ДЕЈНОСТИ НА ДОМАЌИНСТВАТА КАКО РАБОТОДАВАЧИ, ДЕЈНОСТИ НА ДОМАЌИНСТВАТА КОИ ПРОИЗВЕДУВААТ РАЗНОВИДНА СТОКА И ВРШАТ РАЗЛИЧНИ УСЛУГИ ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ* | 2 | 3 | 5 |
| Q/Н | ДЕЈНОСТИ НА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | 1 | 0 | 1 |
| S/О | ДРУГИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ | 10 | 0 | 10 |
| A/А | ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО | 1 | 0 | 1 |
| J/S | ИНФОРМАЦИИ И КОМУНИКАЦИИ | 1 | 0 | 1 |
| O/Љ | ЈАВНА УПРАВА И ОДБРАНА, ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ | 21 | 0 | 21 |
| C/В | ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | 27 | 2 | 29 |
| B/Б | РУДАРСТВО И ВАДЕЊЕ НА КАМЕН | 7 | 2 | 9 |
| E/Д | СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА, ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ, УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД И ДЕЈНОСТИ ЗА САНАЦИЈА НА ОКОЛИНАТА | 0 | 1 | 1 |
| D/Г | СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ГАС, ПАРЕА И КЛИМАТИЗАЦИЈА | 1 | 0 | 1 |
| H/Ж | ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ | 5 | 0 | 10 |
| R/Њ | УМЕТНОСТ, ЗАБАВА И РЕКРЕАЦИЈА | 1 | 0 | 1 |
| | ЗАНИМАЊА ЗА ЗАШТИТА НА ИМОТ И ЛИЦА | 1 | 0 | 1 |
| | ВКУПНО | 93 | 15 | 108 |

При смртен случај или потешка повреда на работно место постојат различни инспекциски служби кои се надлежни за вршење увид. Во рударството увид во несреќите врши рударски инспектор. Инспекцијата за заштита при работа во состав на Министерството за труд и социјална политика не врши увид и не води евиденција за несреќи на работници во сообраќај, во секторот на полиција, одбрана и за несреќи настанати при вршење дејност во домаќинствата. Поради ова постои можност за разлика во бројките за несреќи кои ги водат различни институции.

## ПРИЧИНИТЕЛИ НА НЕСРЕЌА НА РАБОТА

Поради потребата од детална истрага и анализа за да се утврдат вистинските причинители за секоја повреда или смртен случај, не сме во можност да направиме соодветна класификација. Односно најчесто од нашите извори (медиумите) немаме целосни податоци за причинителот на повредата или целосен и точен опис на настанот. Ова ќе можеме да го класифицираме во моментот кога за извори на податоците ќе имаме релевантни податоци согласно одредена методологија на водење на податоците за несреќи.

## ПОДЕЛБА НА НЕСРЕЌИТЕ ПО ДЕНОВИ ВО 2023

Бидејќи податоците кои ги објавуваме се однесуваат на сите дејности согласно НКД, постои изедначеност на несреќите по денови. Затоа имаме несреќи при вршење дејност и во сабота и недела. При оваа анализа утврдено е дека најголем број смртни случаи имало во петок 7, по 2 понеделник, четврток и сабота. Исто така најголем број на повреди имало во петок, додека во другите денови од неделата бројката се движи понеѓу 11 и 14 повредени.

**Табела 4**

| ДЕН ВО НЕДЕЛАТА | ПОВРЕДИ | СМРТ | БРОЈ НА НЕСРЕЌИ |
|---|---|---|---|
| | | | |
| ПОНЕДЕЛНИК | 12 | 2 | 14 |
| ВТОРНИК | 11 | 0 | 11 |
| СРЕДА | 12 | 1 | 13 |
| ЧЕТВРТОК | 13 | 2 | 15 |
| ПЕТОК | 20 | 7 | 27 |
| САБОТА | 14 | 2 | 16 |
| НЕДЕЛА | 11 | 1 | 12 |
| | | | |
| ВКУПНО | 93 | 15 | 108 |


ПОВРЕДИ ПО ДЕНОВИ ВО НЕДЕЛАТА 2023
ПЕТОК 20
САБОТА 14
ЧЕТВРТОК 13
100
90
80
70
60
50
40
30
20
10
0
93
12
11
12
13
20
14
11
ПОНЕДЕЛНИК
ВТОРНИК
СРЕДА
ЧЕТВРТОК
ПЕТОК
САБОТА
НЕДЕЛА
ВКУПНО
ПОВРЕДИ


СМРТ ПО ДЕНОВИ ВО НЕДЕЛАТА 2023
ПЕТОК 7
ПОН.ЧЕТ.САБ. 2
СРЕДА, НЕДЕЛА 1
16
14
12
10
8
6
4
2
0
15
2
0
1
2
7
2
1
ПОНЕДЕЛНИК
ВТОРНИК
СРЕДА
ЧЕТВРТОК
ПЕТОК
САБОТА
НЕДЕЛА
ВКУПНО
СМРТ


НЕСРЕЌИ ПО ДЕНОВИ ВО НЕДЕЛАТА 2023
ПЕТОК 27
САБОТА 16
ЧЕТВРТОК 15
120
100
80
60
40
20
0
108
14
11
13
15
27
16
12
ПОНЕДЕЛНИК
ВТОРНИК
СРЕДА
ЧЕТВРТОК
ПЕТОК
САБОТА
НЕДЕЛА
ВКУПНО
БРОЈ НА НЕСРЕЌИ

# НЕСРЕЌИ ПО МЕСЕЦИ ВО 2023

Според резултатите добиени од анализа на несреќите при работа, по месецот во кој се случиле, можеме да видиме дека најмногу несреќи се случиле во месец Април - вкупно 18. Бројот на смртни случаи, е најголем во месец Септември - 3, додека февруари и август се без регистрирани смртни случаеви. Може да се забележи дека несреќите за кои во минатите години предничеле летните месеци, во 2023 година се во благ пад, додека во другите месеци бројката е прилично изедначена.

Прегледот по месеци е даден во Табела 5.

**Табела 5.**

| МЕСЕЦ ВО ГОДИНАТА | СМРТ 2021 | СМРТ 2022 | СМРТ 2023 | НЕСРЕЌИ 2021 | НЕСРЕЌИ 2022 | НЕСРЕЌИ 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| ЈАНУАРИ | 1 | 2 | 1 | 7 | 9 | 7 |
| ФЕБРУАРИ | 2 | 0 | 0 | 27 | 29 | 4 |
| МАРТ | 1 | 0 | 1 | 8 | 10 | 10 |
| АПРИЛ | 1 | 3 | 2 | 16 | 12 | 18 |
| МАЈ | 5 | 1 | 1 | 15 | 33 | 10 |
| ЈУНИ | 3 | 2 | 1 | 13 | 11 | 6 |
| ЈУЛИ | 4 | 6 | 2 | 14 | 14 | 9 |
| АВГУСТ | 0 | 2 | 0 | 10 | 12 | 5 |
| СЕПТЕМВРИ | 2 | 1 | 3 | 7 | 4 | 7 |
| ОКТОМВРИ | 6 | 2 | 1 | 25 | 12 | 11 |
| НОЕМВРИ | 5 | 1 | 2 | 15 | 7 | 14 |
| ДЕКЕМВРИ | 0 | 2 | 1 | 8 | 16 | 7 |
| | | | | | | |
| **ВКУПНО** | **30** | **22** | **15** | **165** | **169** | **108** |


ПОВРЕДИ ПО МЕСЕЦИ ЗА 2023
АПРИЛ 16
НОЕМВРИ 12
ОКТОМВРИ 10
0
10
20
30
40
50
60
70
80
90
100
6
4
9
16
9
5
7
5
4
10
12
6
93
ЈАНУАРИ
ФЕВРУАРИ
МАРТ
АПРИЛ
МАЈ
ЈУНИ
ЈУЛИ
АВГУСТ
СЕПТЕМВРИ
ОКТОМВРИ
НОЕМВРИ
ДЕКЕМВРИ
ВКУПНО
ПОВРЕДИ


СМРТНИ СЛУЧАИ ПО МЕСЕЦИ ЗА 2023
СЕПТЕМВРИ 3
АПРИЛ, ЈУЛИ,НОЕМВРИ 2
ЈАН.МАР.МАЈ. ЈУН.ОКТ. ДЕК. 1
0
2
4
6
8
10
12
14
16
1
0
1
2
1
1
2
0
3
1
2
1
15
ЈАНУАРИ
ФЕВРУАРИ
МАРТ
АПРИЛ
МАЈ
ЈУНИ
ЈУЛИ
АВГУСТ
СЕПТЕМВРИ
ОКТОМВРИ
НОЕМВРИ
ДЕКЕМВРИ
ВКУПНО
СМРТ


БРОЈ НА НЕСРЕЌИ ПО МЕСЕЦИ ЗА 2023
АПРИЛ 18
НОЕМВРИ 14
ОКТОМВРИ 11
0
20
40
60
80
100
120
7
4
10
18
10
6
9
5
7
11
14
7
108
ЈАНУАРИ
ФЕВРУАРИ
МАРТ
АПРИЛ
МАЈ
ЈУНИ
ЈУЛИ
АВГУСТ
СЕПТЕМВРИ
ОКТОМВРИ
НОЕМВРИ
ДЕКЕМВРИ
ВКУПНО
БРОЈ НА НЕСРЕЌИ

## НЕСРЕЌИ ПО ВОЗРАСТ ЗА 2023 ГОДИНА

Според добиените податоци најголем број несреќи – 20, се случиле на лица на возраст помеѓу 35-44 години. Најголем број на несреќи со фатален исход - 5 има во категорија од истата возраст од 35-44 години. Но и категирите од 18 до 64 се забележува дека таа бројка е слична со категоријата 35-44 години, односно несреќите се случуваат и на искусните работници како и на помладите и понеискусни. Мора да се истакне дека за голем број на несреќи немаме податоци за возраста. Целосниот преглед на несреќи според возраста можете да го погледнете во Табела 6.

**Табела 6.**

| ВОЗРАСТ | ПОВРЕДИ | СМРТ | БРОЈ НА НЕСРЕЌИ |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **ПОД 18** | 0 | 0 | 0 |
| **18 - 24** | 14 | 0 | 14 |
| **25 - 34** | 14 | 0 | 14 |
| **35 - 44** | 15 | 5 | 20 |
| **45 - 54** | 13 | 3 | 16 |
| **55 - 64** | 13 | 2 | 15 |
| **НАД 64** | 2 | 2 | 4 |
| **НЕПОЗНАТО** | 22 | 3 | 25 |
| | | | |
| **ВКУПНО** | 93 | 15 | 108 |


ПОВРЕДИ ПО ВОЗРАСТ ЗА 2023
35-44 15
18-24, 25-34 14
45-54, 55-64 13
100
80
60
40
20
0
0
14
14
15
13
13
2
22
93
ПОД 18
18 - 24
25 - 34
35 - 44
45 - 54
55 - 64
НАД 64
НЕПОЗНАТО
ВКУПНО
ПОВРЕДИ


СМРТНИ СЛУЧАИ ПО ВОЗРАСТ ЗА 2023
35-44 5
45-54 3
55-64, НАД 64 2
16
14
12
10
8
6
4
2
0
0
0
0
5
3
2
2
3
15
ПОД 18
18 - 24
25 - 34
35 - 44
45 - 54
55 - 64
НАД 64
НЕПОЗНАТО
ВКУПНО
СМРТ


БРОЈ НА НЕСРЕЌИ ПО ВОЗРАСТ ЗА 2023
35-44 20
45-54 16
55-64 15
120
100
80
60
40
20
0
0
14
14
20
16
15
4
25
108
ПОД 18
18 - 24
25 - 34
35 - 44
45 - 54
55 - 64
НАД 64
НЕПОЗНАТО
ВКУПНО
БРОЈ НА НЕСРЕЌИ

## НЕСРЕЌИ ПО ПОЛ ЗА 2023 ГОДИНА

Во согласност со нашите податоци и оваа година поголемиот број на повреди и смртни случаи спаѓаат во категоријата мажи. Од вкупно 108 несреќи, 6 од нив спаѓаат во категоријата жени, што е повеќе од минатата година кога беа забележани 4 повреди во категоријата жени.

Целосниот преглед погледнете го во Табела 7.

**Табела 7.**

| ПОЛ | ПОВРЕДИ | СМРТНИ СЛУЧАИ | БРОЈ НА НЕСРЕЌИ |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **МАЖИ** | 87 | 15 | 102 |
| **ЖЕНИ** | 6 | 0 | 6 |
| **ВКУПНО** | 93 | 15 | 108 |

## ИЗВОР НА ПРИБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ НА НАСТАНАТИ НЕСРЕЌИ ПРИ РАБОТА

Македонското здружение за заштита при работа како извор за добивање на податоци за настанати несреќи при работа во 2023-та година ги користеше информациите објавени во пишаните и електронски медиуми во Р. Македонија. Добиените информации за настанати несреќи при работа од медиумите беа основа за направената анализа на податоците која е прикажана претходно.

Македонското здружение за заштита при работа, со цел добивање на комплетни податоци за настанати несреќи при работа и смртни случаи во Македонија за 2023 год., побара официјални податоци за истите од:

- ЈЗУ Институт за јавно здравје
- Државен инспекторат за труд

До моментот на заклучување на извештајот заклучно со 27. 04. 2023 година Податоци доставиле Институтот за јавно здравје и Државниот инспекторат за труд .

*Од Државниот завод за статистика добивме известување дека тие во рамки на нивните статистички операции не водат евиденција и статистика на несреќи при работа.

Од доспеаните податоци од двете институции можеме да заклучиме дека прибирањето на релевантни и униформни информации во Македонија се уште претставува нерешлив проблем.  Доколку ги споредиме меѓу себе, ќе можеме да увидиме дека сликата која ја добиваме за состојбата за безбедноста и здравјето при работа во Македонија се разликува од институција до институција.

## ЗАКЛУЧОК

По основ на анализа на податоците за несреќи кои ги собравме, анализиравме и систематизиравме за периодот од 2023 година, евидентирано е дека бројот на несреќи во споредба со 2022 година е на значително намален како и бројот на несреќи со фатален исход. За разлика од МЗЗПР, Институтот за јавно здравје и Државниот инспекторат за труд, регистрираат значително поголем број на повреди, со пораст од околу 27% во однос на 2022 година.

| МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА | | | |
|---|---|---|---|
| Година | Повреди | Несреќи со смртен исход | Вкупно несреќи |
| 2022 | 147 | 22 | 169 |
| 2023 | 93 | 15 | 108 |

Споредбена табела ИЈЗ, ДИТ, МЗЗПР

| | ПОВРЕДИ НА РАБОТА | | | ПОВРЕДИ НА РАБОТА СО СМРТЕН ИСХОД | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **ИЈЗ** | **ДИТ** | **МЗЗПР** | **ИЈЗ** | **ДИТ** | **МЗЗПР** |
| **2022** | **574** | **1.767** | **147** | **0** | **12** | **22** |
| **2023** | **728** | **2.237** | **93** | **0** | **17** | **15** |

Повторно сметаме дека е потребно да нагласиме, дека целта на овој извештај е поттикнување на оние кои што учествуваат во овој процес да вложат максимален напор кон добивање на усогласени податоци за реалната состојба во областа на водење евиденции во областа на безбедноста и здравјето при работа.

Целта не е само усогласување на бројките, туку овие бројки поткрепени со низа други статистички податоци да бидат анализирани за да добиеме одредени заклучоци, да видиме каде се слабостите и да предлагаме соодветни мерки за надминување на проблемите. Доколку само добиеме релевантни бројки без соодветна анализа целта е промашена. Овој процес мора реално да заживее и во Р. Македонија.

Покрај донесените законски решенија за водење на евиденција во оваа област потребно е и донесување на подзаконски акти кои точно ќе ги дефинираат потребните податоци при евидентирањето, кои се потребни за подетални истраги, донесување заклучоци и предлагање соодветни мерки.

Меѓутоа неретко во пракса се сретнуваме со недоволно познавање на обврските на лицата кои треба да учествуваат во деловите од процесот, како и немарниот пристап поради непознавање или други побуди. Поради тоа е потребно воведување на одговорност на сите учесници во процесот од лицата кои ги пополнуваат потребните документи до оние кои вршат нивна обработка. Исто така по усвојување на потребните обрасци потребно е да се изврши соодветна обука на сите кои учествуваат во процесот.

Доколку сакаме побрзо приближување кон Европската Унија ни претстои само уште мал број на подзаконски акти со кои ќе се воведе ESAW – Методологијата и многу работа за нејзино спроведување.).




| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| смртни | 41 | 62 | 44 | 45 | 44 | 44 | 28 | 42 | 39 | 19 | 24 | 33 | 25 | 25 | 30 | 22 |
| повреди | 57 | 116 | 96 | 84 | 79 | 118 | 70 | 88 | 105 | 94 | 134 | 124 | 153 | 127 | 135 | 147 |

Следбено на линеарното прогнозирање во однос на достапните податоци, видливо е дека трендот на тешки повреди со смртен исход бележи пад, од 34%. Но трендот на линеарното прогнозирање кај повредите на работното место бележи блага нагорна линија (за некои 8,8%). Ова самото по себе е поразителен податок бидејќи секоја повреда нема влијание само врз оној на кого му се случила, туку многу подлабоко структурно влијание во секоја социјална пора во општеството. Доволно е да направиме пресметка колку од средствата на заедничките фондови, како што е фондот за здравство, пензискиот итн, ќе мора да бидат активирани за да ги покријат трошоците за лекување на повредените на работа и многу брзо ќе дојдеме до прогнозата на Меѓународната Организација на Трудот која предочува дека 4% од БДП во сиромашните земји од во компензации на повредите на работното место.

Во нашиот случај тоа би било (извор: Државен завод за статистика 2021 год) од БДП од 720.414.000.000,00 ден (или околу 11.7 милијарди евра) трошоците за компензации поврзани со повредите на работното место, како и директните загуби би биле некаде околу € 468.000.000. Можеби ова е единственото логично објаснување зошто Македонија и понатаму покрај се е таму каде што е и зошто не може да излезе од бедата во која се наоѓа.

На крајот, повторно сметаме дека е потребно да нагласиме, дека целта на овој извештај е поттикнување на оние кои што учествуваат во овој процес да вложат максимален напор кон добивање на усогласени податоци за реалната состојба во областа на водење евиденции во областа на безбедноста и здравјето при работа.

Ви посакуваме безбедна и здрава иднина.
Тимот на МЗЗПР

**МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА**
**MACEDONIAN OCCUPATIONAL SAFETY AND HEALTH ASSOCIATION**

Градски трговски центар, Скопје, Македонија I тел +389 (0)2 2774 868
емаил: kontakt@mzzpr.org.mk I веб: www.mzzpr.org.mk